


Иван Христов Карасулијата (1875 - 1905) е македонски револуционер и гевгелиски околиски војвода на ТМОРО. Повеќе години дејствувал во Гевгелиско, а бил познат како Иван Карасулијата, Карасулски, Гевгелиски или Дилбер Иванчо. Загинал во борба со османлиска војска. Опеан е во неколку македонски народни песни.

Иван Христов е роден во 1875 година во солунското село Ругуновец (Карасуле), Егејска Македонија. Останал без образование и се одметнал во планините. Ајдукувал заедно со Кади Јусеин од Негорци и Молла Идриз од Карасинанци, а кратко време бил и во четата на Мицо Ѓаваталијата. Во 1896 година бил уапсен од турските власти и поминал седум месеци во Солунскиот затвор.

Во текот на 1897 година, при обиколка на Бојмијата, Даме Груев се сретнал со ајдуците Иван Карасулијата, Апостол Петков и Спиро Карасулски и ги наговорил да влезат во Македонската Револуционерна Организација. Истиот ден тројцата биле покрстени од поп Стамат Танчев и влегуваат во Организацијата како терористи.

По наредба на Централниот комитет Карсулијата извршил повеќе терористички акции. На 6 септември 1897 година заедно со Митре Дудуларски и Андон Ќосето учествува во ликвидацијата на Илија Пејчиновски(иќ) од Струга, кој како српски учител и агент преходно во атентат извршен на 3 јуни истата година во солунската кафана „Коломбо“ го убива бугарскиот учител Христо Генев и тешко го ранува Иван Гарванов.

По неколку извршени ликвидации над шпионите и зулумџиите, Карасулијата, заедно со Апостол Петков и Спиро Карасулски во септември 1897 година се повлекуваат во илегала. Подоцна кон нив се приклучил и Христо Узунов од Куфалово. Малата чета вооружена од Аргир Манасиев од Смоквица, била предводена од војводата Карасулијата, а подвојвода бил Апостол Петков, подоцна познат како Еницевардарско

сонце. Набрзо кон четата се приклучуваат и други четници, а по неколку месеци дејствување во Гевгелиско, Дојранско и Еницевардарско, четата станала страв и трепет за гркоманите и Турците зулумџии во реонот.

Според пишувањето на гевгелискиот раководител на Организацијата И. Докторов, веста за формирањето на малата чета под водство на Иванчо Карасулиски како молња се пренела по сите села во околијата. Таа тајно ги обиколувала организираните села, а населението во нив гледале како на спасители од тиранијата. За нив тие биле херои кои се готови да го жртвуваат својот живот за слобода на народот.

Во текот на 1898 година, тие го грабнале турскиот бег Туран ага од Мемешли за кого земаат откупнина 2.000 турски лири. Овие пари ќе предивикаат раздор меѓу војводите и Централниот комитет, кои едвај успеваат да го земат откупот за Организацијата. Карасулијата и Апостол ја губат довербата на ЦК, по што тие во текот на јуни истата година се разделуваат и продолжуваат да ајдукуваат. Едниот дејствувал во Гевгелиско, а другиот во  Еницевардарско. За да се стегне дисциплината во реонот, била испратена четата на Михаил Апостолов – Попето. Но, тој не сакал да влезе во конфликт, поради авторитетот кој го имале војводите меѓу месното раководство на Организацијата, како и меѓу самото население.

Карасулијата и Апостол Петков добиваат задача да го ликвидираат еден од најголемите шпиони во Гевгелиско, грчкиот лекар Димитрис Кивирнидис. Во ноември 1898 година тие успешно ја спроведуваат дадената задача. Година дена потоа, на 7 декември 1899 година, Карасулијата со својата чета неуспешно се обидува да грабне богат гркоман, сопственик на рудник од неговата куќа во Валандово. Четата била откриена и дошло до престрелка со жандармеријата, по што успеала да се извлече без загуби. Меѓутоа, оваа акција која била резултат на храброста и самоволието на Карасулијата, ќе ја предизвика познатата Валандовска афера, во која била разоткриена организациската мрежа на Македонската Револуционерна Организација во Гевгелиско, Дојранско, Тиквешко и Еницевардарско.

По оваа акција, Иван Карасулијата заминал во Бугарија. Се смета дека бил испратен од Организацијата за да биде неутрализиран поради зачестените арамиски испади. Но, тој таму се зближил со генерал Иван Цончев и се приклучил на Врховниот комитет. Во пролетта 1902 година, Карасулијата се вратил во Македонија како врховистички војвода, поради што влегол во конфликт со војводите Апостол Петков и Аргир Манасиев, кои се обидуваат да го вратат во Организацијата.

На почетокот на 1903 година, во гевгелиско доаѓаат војводите Сава Михајлов и Крсто Асенов со оружје и динамит и се вклучуваат во подготовките за Илинденското востание. Во реонот се наоѓале четите на Карасулијата и Аргир Манасиев. Меѓу нив постоело нетрпение, но, односите биле нормализирани. Во селото Корнишор, четите на Крсто Асенов, Апостол војвода и Иван Карасулијата се обединуваат и тука пред 250 четници било осветено знамето. За време на востанието водат повеќе борби во Гевгелиско и Еницевардарско. На 12 септември 1903 г., четите на војводите Карасулијата, Апостол и Гоце Нисторов, кои бројат 103 души, се судираат на врвот Гандач на планината Пајак со 1.200 турски војници. На 13 – ти октомври, четите ја разбиваат испратената пешадија и коњица, собрана од Гевгелија, Еници Вардар и Гуменџе.

На крајот на востанието, Иванчо Карасулијата со целата чета учествува во снимањето на филмовите за македонските востаници на британскиот кинооператор Чарлс Нобл, кој подоцна ќе предизвикаат огромно внимание во Лондон. По извршената демобилизација во Гевгелиско, Михајлов, Манасиев и Карасулијата со повеќе четници се повлекуваат во Бугарија.

Иванчо Карасулијата загинал со целата своја чета во 1905 година, во борба со османлиската војска која се води во месноста Џарлов рид, во близина на селото Лесково. Опеан е во неколку македонски народни песни.